# ЛИКОВНА КОЛОНИЈА КУМАНОВО '94

**ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА**
**ЛИКОВНАТА КОЛОНИЈА — КУМАНОВО**

Д-р ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ, претседател
ТАНЕ АТАНАСОВСКИ — ГАРСКИ, секретар
БОГДАН ТАНЕВСКИ — в. д. директор на Народен Музеј — Куманово
ДИМИТАР МАСЕВСКИ, директор на НИРО „НАШ ВЕСНИК" — Куманово
СТОЈАНЧЕ БОЖИНОВСКИ — директор на Ф-ка „30 ЈУЛИ" — Куманово
ТРАЈЧЕ ТРАЈКОВСКИ, началник на подрачна единица за урбанизам — Куманово
ВЕЉКО ПЕШИЌ, директор на ДОМОТ НА КУЛТУРАТА — Куманово
СЛОБОДАНКА ПАРЛИЌ — БАРИШИЌ, советник во МСУ — Скопје
ЗОРАН ЈАКИМОВСКИ проф. на ФЛУ — Скопје
ВЛАДИМИР ВЕЛИЧКОВСКИ, ликовен педагог, сликар
ИСЕНИ РЕЏАИ ликовен педагог, сликар

УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА
КУМАНОВО

# ЛИКОВНА КОЛОНИЈА
# КУМАНОВО '94

ОКТОМВРИ 1994 г.

СО ОГЛЕД НА МАТЕРИЈАЛНИТЕ ПОТЕШКОТИИ НЕ Е МОЖНО ПОБОГАТО ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ДВАЕСЕТГОДИШНОТО ПОСТОЕЊЕ НА ОВАА КОЛОНИЈА. ЗАТОА СЕ ОДЛУЧИВМЕ ПОГОЛЕМИОТ ДЕЛ ОД ОВОЈ ТЕКСТ НАМЕНЕТ ЗА РАБОТА НА ОВОГОДИШНАТА КОЛОНИЈА, ДА НАПРАВИМЕ ПОТСЕТУВАЊЕ НА ВРЕМЕТО И ЛИЧНОСТИТЕ ВО ОСНОВАЊЕ НА КОЛОНИЈАТА „ПРОХОР ПЧИНСКИ".

ВО ОВОЈ ПЕРИОД ЕДЕН ДЕЛ ОД УМЕТНИЦИТЕ БЕА УЧЕСНИЦИ ВО ПОЗНАТИТЕ КОЛОНИИ (СТРУМИЧКА, ПРИЛЕПСКА, ЛЕСКОВАЧКА И ДР.)

ИСКУСТВОТО КОЕ ГО СТЕКНУВАА СЕ ПОТРУДИЈА ДА ГО ПРЕНЕСАТ И ВО НАШИОТ ГРАД ВО ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ЕДНА ЛИКОВНА МАНИФЕСТАЦИЈА – НАРЕЧЕНА КОЛОНИЈА КОЈА ЌЕ ИМА СВОЈА ФИЗИОНОМИЈА, СОДРЖИНА И ИМЕ. ВО РЕАЛИЗАЦИЈА НА ОВАА ИДЕЈА СЕ ПРИФАТИЈА ДВАЈЦА ЉУБИТЕЛИ НА ЛИКОВНАТА УМЕТНОСТ И СТРАСТВЕНИ ПОДРЖАВАТЕЛИ НА ТВОРЦИТЕ, А ТОА БЕА ВЕЉКО ПЕШИЌ СЕКРЕТАР НА КПЗ – КУМАНОВО И ПЕРО ЈОВАНОВИЌ ДИРЕКТОР НА РАБОТНИЧКИ УНИВЕРЗИТЕТ ОД ВРАЊЕ, ДВАЈЦАТА ИМАА ЕДИНСТВЕНА ЖЕЛБА ДА КУМАНОВО И ВРАЊЕ ГО ЗБОГАТАТ ЛИКОВНИОТ ЖИВОТ ПРЕКУ ЕДНА ВАКВА ФОРМА НА РАБОТА.

ЗА РАБОТЕН ПРОСТОР БЕА ОДРЕДЕНИ КОНАЦИТЕ НА МАНАСТИРОТ ПРОХОР ПЧИНСКИ, ЗНАЧАЕН ИСТОРИСКИ И КУЛТУРЕН СПОМЕНИК ЗА ДВАТА НАРОДА, ПОСЕБНО ЗА МАКЕДОНСКИОТ КАДЕ СЕ УДРЕНИ ТЕМЕЛИТЕ НА НАШАТА ДРЖАВА.

КОЛОНИЈАТА ПО ПРОСТОРОТ ДОБИ ИМЕ „ПРОХОР ПЧИНСКИ", ПО СОДРЖИНАТА БИДНА ТЕМАТСКА И ПО ОРГАНИЗАЦИЈАТА СТАНА ЗБРАТИМЕНА.

ПРВАТА ГОДИНА (1974 Г.) УЧЕСТВО ЗЕДОА 10 УМЕТНИКА ОД КУМАНОВО ТАНЕ – ГАРСКИ, ВЛАДИМИР ВЕЛИЧКОВСКИ, ЗОРАН ЈАКИМОВСКИ, ТОШЕВСКИ ТРАЈКО И ОЦЕПЕК ИВАН, ОД ВРАЊЕ СТАНКОВСКИ МИОДРАГ – ДАГИ, САВИЌ ПРЕДРАГ – ДРАКЧЕ, ДЕЈАНОВИЌ ЈОВИЦА, СТОЈАНОВИЌ ВЛАСТИМИР – ДУБНИЧКИ И КОСТАДИНОВИЌ СТАНИМИР.

СРЕДБА НА УЧЕСНИЦИТЕ БЕШЕ НА 2 АВГУСТ 1974 Г. ВО МАНАСТИРСКИОТ АМБИЕНТ ВО МНОГУ СКРОМНИ УСЛОВИ ЗА РАБОТА НО СО ГОЛЕМА ВОЛЈА И БОГАТА ЖИВОПИСНА ПРИРОДА КОЈА НУДИ НЕИСЦРПНА ИНСПИРАЦИЈА.

ВО ТИЕ УСЛОВИ БЕА СТВОРЕНИ И ПРВИТЕ ЛИКОВНИ ДЕЛА.

ОД ТАА ГОДИНА ДО ДЕНЕСКА ИЗМИНАА 20 ГОДИНИ ПЛОДНА РАБОТА НА КОЛОНИЈАТА, ВО КОЈА ЗЕДОА УЧЕСТВО НАД 200 УМЕТНИКА, СТВАРАЈЌИ НАД 500 ДЕЛА СМЕСТЕНИ ВО ДВЕ ЗБИРКИ; ЕДНАТА ВО РАБОТНИЧКИ УНИВЕРЗИТЕТ ВО ВРАЊЕ И ДРУГАТА ВО УМЕТНИЧКАТА ГАЛЕРИЈА ВО КУМАНОВО (КОЈА ОРГАНИЗАЦИОНО И СТРУЧНО ЈА ВОДИ КОЛОНИЈАТА ОД 1978 Г.).

ЦЕЛОКУПНОТО РАБОТЕЊЕ НА КОЛОНИЈАТА ДОПРИНЕСЕ ДА СЕ ИСТАТА АФИРМИРА ПОШИРОКО НАДВОР ОД РЕПУБЛИКАВА, ОЦЕНУВАЈЌИ ГИ ДЕЛАТА КАКО ИЗДРЖАНИ И КВАЛИТЕТНИ.

ВО 1991 Г. СО ПОЛИТИЧКИТЕ ОКОЛНОСТИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СЕ ИЗМЕНИЈА И УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА НА КОЛОНИЈАТА, ПОВЕЌЕ НЕ БЕШЕ ЗБРАТИМЕНА И НЕ СЕ ОДРЖУВАШЕ ВО КОНАЦИТЕ НА МАНАСТИРОТ ПРОХОР ПЧИНСКИ. ТАА СЕ ПРЕСЕЛИ НА ПРОСТОРОТ НА КУМАНОВО, ГО ПРОМЕНИ ИМЕТО И СОДРЖИНАТА ВО СТВАРАЊЕТО НА ДЕЛАТА БИДНА ПО СОПСТВЕН ИЗБОР НА УМЕТНИЦИТЕ.

ГОДИНАВА КОЛОНИЈАТА РАБОТЕШЕ ВО ПРОСТОРИИТЕ НА УМЕТНИЧКАТА ГАЛЕРИЈА – ПРЕТВОРЕНА ВО „ГОЛЕМО АТЕЉЕ", КАДЕ ВО ИЗВОНРЕДНА РАБОТНА АТМОСФЕРА СТВАРАА 14 УМЕТНИКА ОД ОХРИД, ПРИЛЕП, ВЕЛЕС, СКОПЈЕ, КРИВА ПАЛАНКА, ЛЕСКОВАЦ И КУМАНОВО. ЗА ПРЕСТОЈУВАЊЕТО ОД 10 ДЕНА БЕА СТВОРЕНИ НАД 50 ДЕЛА ШТО ГИ ПРЕЗЕНТИРАМЕ НА ОВАА ИЗЛОЖБА ПО ПОВОД 11 ОКТОМВРИ – ДЕНОТ НА ВОСТАНИЕТО НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД.

СОВЕТОТ НА КОЛОНИЈАТА ИМ СЕ ЗАБЛАГОДАРУВА НА УЧЕСНИЦИТЕ ЗА СТВОРЕНИТЕ ДЕЛА ИСПОЛНЕТИ СО ЛИКОВНИ КВАЛИТЕТИ КОИ ЈА АФИРМИРААТ ОВАА КОЛОНИЈА КАКО КВАЛИТЕТНА ВО РЕДОТ НА ЛИКОВНИТЕ МАНИФЕСТАЦИИ. УСПЕХОТ Е УШТЕ ПОГОЛЕМ ШТО ВО НЕА УЧЕСТВУВААТ МЛАДИ ТВОРЦИ КОИ СВОЕТО ОБРАЗОВАНИЕ ГО СТЕКНАА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЛИКОВНА УМЕТНОСТ ВО СКОПЈЕ. ОВАА ИЗЛОЖБА ПОСЛЕ КУМАНОВО ЌЕ БИДЕ ПРЕЗЕНТИРАНА ВО ПОВЕЌЕ ГРАДОВИ ВО РЕПУБЛИКАВА.

# УЧЕСНИЦИ НА ЛИКОВНА КОЛОНИЈА КУМАНОВО 1994



АТАНАСОВСКИ АТАНАС



АТАНАСОВСКИ ТАНЕ - ГАРСКИ



ВАСИЌ ЃОРЃЕ ВАЃО



ДАМЈАНОВСКА АНГЕЛИНА



ЃОРЃИЕВСКИ ЛАЗО



ИВАНОВСКИ МЕТОДИЈА - МЕНДЕ



ЈАКИМОВСКИ ЗОРАН



КУКУЊАВСКИ БОРИС



ПЕТРОВСКИ МОМЧИЛО - МОЦО



ПОПОВСКИ ЈОВИЦА



САЗДОВСКА ЛИДИЈА



ТЕМКОВА АНА



ТРАЈКОВСКИ НОВИЦА



ХУСКОВИЌ ФЕХИМ



АТАНАСОВСКИ АТАНАС од Прилеп

Роден 1961 г. во Прилеп. Дипломирал 1987 г. на Факултетот за ликовна уметност во Скопје. Од 1992 г. е на посдипломски студии во Будимпешта. Учествувал на повеќе колективни изложби.
– СЛИКА I колаж 100x100 см.
– СЛИКА II колаж 100x100 см.
– СЛИКА III колаж 100x100 см.





АТАНАСОВСКИ ТАНЕ – ГАРСКИ од Куманово

Роден во с. Гари, Дебарско. Завршил Филозофски факултет, група историја на уметност со археологија. Самостојно приредил над 35 изложби и учествувал во повеќе колективни изложби и ликовни колонии.
– ЕРОТСКИ ЗАПИС I масло на платно 100x 80 см.
– ЕРОТСКИ ЗАПИС II масло на платно 100x80 см.
– „ПЕШЕВА ВОДЕНИЦА” масло на платно 80x100 см.
– „2 МОТИВ ОД ПЧИЊА” масло на платно 80x100 см.



ВАСИЌ ЃОРЃЕ – ВАЃО од Лесковац

Роден 1941 г. во Лебане. Дипломирал на Академијата за ликовна уметност во Белград. Се бави со сликарство, скулптура,графика и индустриски дизајн. Организирал бројни самостојни изложби во земјата и странство.
– ГНЕЗДО I масло на платно 100x80 см.
– ГНЕЗДО II масло на платно 100x80 см.
– ГНЕЗДО III масло на платно 100x100 см.
– ГНЕЗДО IV 80x100 см.



ДАМЈАНОВСКА АНГЕЛИНА од Охрид

Родена 1969 г. во Охрид. Дипломирала на Факултетот за ликовна уметност во Скопје 1992 г. Организирала самостојна изложба во Охрид. Учествувала на повеќе колективни изложби и колонии.
– БЕЗ НАСЛОВ I масло на платно 100x100 см.
– БЕЗ НАСЛОВ II масло на платно 100x80 см.
– БЕЗ НАСЛОВ III масло на платно 100x80 см.
– БЕЗ НАСЛОВ IV масло на платно 100x80 см.

ЃОРЃИЕВСКИ ЛАЗО од Крива Паланка

Роден 1964 г. во Крива Паланка. Дипломирал 1989 г. на Факултетот за ликовна уметност во Скопје. Приредил повеќе самостојни изложби и учествувал на повеќе колективни и во неколку колонии.
– КОМПОЗИЦИЈА масло на платно 135x110 см.
– БЕЗ НАСЛОВ масло на платно 100x100 см.
– ФРАГМЕНТ масло на платно 100x80 см.
– ФИГУРИ масло на платно 100x80 см.





ИВАНОВСКИ МЕТОДИЈА – МЕНДЕ од Скопје

Роден 1929 г. во Битола. Дипломирал на Педагошка Академија во Скопје. Студиски престојувал во повеќе земји каде приредува самостојни изложби. Учествувал на бројни колективни изложби и ликовни колонии. Член на групата ВДИСТ со која редовно излага.
Еден од најистакнатите СЦЕНОГРАФИ во земјава.
– ДИПТИХ масло на иверица 100x70 см.
– „ЗАПИС” масло на платно 80x100 см.
– „ТРАГИ” масло на платно 80x100 см.



ЈАКИМОВСКИ ЗОРАН од Куманово

Роден 1953 г. во Куманово.Завршил Факултет за ликовна уметност во Белград 1976 г.,а во 1982 г., и посдипломски студии. Професор е на Факултетот за ликовна уметност во Скопје. Приредил повеќе самостојни и колективни изложби во земјава и странство. Учествувал и во поголем број на ликовни колонии. Студиски престојувања во повеќе земји.
– СЛИКА VI масло на платно 135x110 см.



КУКУЊАВСКИ БОРИС од Куманово

Роден во Куманово 1945 г. Завршил Факултет за ликовна уметност во Скопје. Приредил повеќе самостојни изложби и учествувал на повеќе колективни изложби и колонии.
– СИНИОТ ПРОКАЛИПТИКУС I масло на платно 135x110 см.
– СИНИОТ ПРОКАЛИПТИКУС II масло на платно 135x110 см.

ПЕТРОВСКИ МОМЧИЛО – МОЦО од Куманово

Роден 1936 г. во Куманово. Завршил Академија за Применета уметност во Белград 1962 г. а во 1964 г. ги завршува посдипломските студии. Професор и повеќе години декан на Факултетот за ликовна уметност. Се претставувал повеќе пати самостојно и колективно во земјава и странство.
– ПОРТА масло на платно 100x80 см.
– НОЌНА МОРА масло на платно 80x100 см.
– СИНА СЛИКА масло на платно 135x110 см.
– ПО УЗОР НА РЕНЕСАНСА масло на платно 135x110 см.





ПОПОВСКИ ЈОВИЦА од Куманово

Роден 1948 г. во Куманово. Завршил Школа за Применета уметност – сликарски отсек 1970 год. во Скопје. Приредил повеќе самостојни изложби во Републикава и надвор од неа. Учествувал на бројни колективни изложби и ликовни колонии.
– ПЕЈЗАЖ масло на платно 100x80 см.
– ПЕЈЗАЖ масло на платно 100x80 см.



САЗДОВСКА ЛИДИЈА од Скопје

Родена 1949 г. во Белград. Завршила Педагошка Академија во Скопје. Приредувала самостојни изложби и учествувала на повеќе колективни изложби во Републикава.
– КОМПОЗИЦИЈА I масло на платно 100x80 см.
– КОМПОЗИЦИЈА II масло на платно 100x80 см.
–КОМПОЗИЦИЈА III масло на платно 100x80 см.
– КОНФЛИКТ масло на платно 100x80 см.



ТЕМКОВА АНА од Скопје

Родена во Кавадарци 1943 г. Академија за ликовна уметност завршила во Белград 1966 г. Специјализирала за Мозаик во Равена – Италија. Организирала поголем број на самостојни изложби и учествува на колективни и ликовни колонии.
– КУМАНОВСКИ ФАСАДИ масло на платно 80x100 см.
– МРТВА ПРИРОДА I масло на платно 80x100 см.
– МРТВА ПРИРОДА II масло на платно 80x100 см.

ТРАЈКОВСКИ НОВИЦА од Скопје

Роден 1962 г. во Скопје. Завршил Факултет за ликовна уметност 1988 г. во Скопје. Организирал самостојна изложба во Скопје и учествувал на повеќе колективни.
– НОЌЕВАЊЕ масло на платно 135x110 см.
– ПОРТРЕТ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ масло на платно 100x80 см.
– ПОРТРЕТ НА Д-р В. МИТЕВСКИ туш на хартија 50x40 см.
– ПОРТРЕТ НА А. РУСЕВСКИ туш на хартија 50x40 см.





ХУСКОВИЌ ФЕХИМ од Титов Велес

Роден 1967 г. во с. Оризаре, Велешко. Завршил Факултет за ликовна уметност – отсек графика во Скопје. Сега е на посдипломски студии во Белград.
Излагал самостојно и повеќе пати колективно.
– АСОЦИЈАЦИЈА масло на платно 110x135 см.
– СЕЌАВАЊЕ масло на платно 80x100 см.
– ПЕЈЗАЖ масло на платно 80x100 см.
– ПЕЈЗАЖ масло на платно 80x100 см.

РАБОТЕЊЕТО НА ЛИКОВНАТА КОЛОНИЈА КУМАНОВО И ПЕЧАТЕЊЕТО НА
КАТАЛОГОТ ЗА ОВАА ИЗЛОЖБА ГО ФИНАНСИРАА
МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРА НА РМ
СОБРАНИЕ НА ОПШТИНА КУМАНОВО
Ф-ка ЗА АМБАЛАЖА „30 ЈУЛИ" – КУМАНОВО
КОЖАРСКИОТ КОМБИНАТ „КУМАНОВО" – КУМАНОВО
ПЕЧАТНИЦА „ПРОСВЕТА" – КУМАНОВО

ИЗДАВАЧ: СОВЕТ НА ЛИКОВНАТА КОЛОНИЈА КУМАНОВО
ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН:
ПРИМАРИУС Д-Р ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ
ПРИПРЕМИ ЗА КАТАЛОГ И ПОСТАВКА НА ИЗЛОЖБАТА:
АТАНАСОВСКИ ТАНЕ — Гарски и
ВЕЛИЧКОВСКИ ПЕРО
ИЗРАБОТКА НА ФОТОГРАФИИ: ФОТО СТУДИО
„РЕВИЈА“ КУМАНОВО
СКАНИРАЊЕ „СКЕНПОИНТ“ — СКОПЈЕ
ПЕЧАТНИЦА „ПРОСВЕТА“ — КУМАНОВО
ТИРАЖ: 500 примероци